**ЗАПИСНИК**
**од 47-та седница на Советот**
**одржана на 22.10.2012 година**

**Присутни членови на Советот:** м-р Зоран Трајчевски, м-р Милаим Фетаи, акад. Бојан Шоптрајанов, Бранко Радовановиќ, м-р Алма Машовиќ, м-р Борис Арсов, м-р Методија Јанчески, м-р Васко Петревски, Замир Мехмети, Селадин Џезаири, Столе Наумов, Антонио Јовановски, Селвер Ајдини, Лазо Петрушевски, Методи Стоименовски

**Отсутни членови на Совет:** /

**Присутни од Стручна служба:** м-р Андриана Скерлев – Чакар, Огнен Неделковски, м-р Емилија Јаневска, Цветанка Митревска, Горан Радуновиќ, м-р Драгица Љубевска, Магдалена Давидовска – Довлева, Јетон Исмаили, Арџент Џелили, Луција Ѓурковиќ.

**Присутни новинари:** Соња Казиовска од Дневник.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски ја отвори 47-та седница на Советот за радиодифузија на РМ.

Членот на Советот, Столе Наумов, предложи, точката "Информација за барањето за согласност за промена на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО РАВЕЛ ДООЕЛ од Скопје", која е предвидена да биде под Разно, да се стави како точка во Дневниот ред. Точката под Разно, "Извештај од мониторингот на филмот „Jackass 2“, емитуван на 16 и на 17 октомври 2012 година, на програмскиот сервис ТВ Канал 5 Плус ДОО Скопје", предложи да се одложи за наредната седница на Советот.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, предложи "Информацијата за барањето за согласност за промена на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО РАВЕЛ ДООЕЛ од Скопје", да биде точка 7 во дневниот ред и точка број 8 да биде "Информација за барањето од Националниот демократски Институт – Македонија, упатено до Советот за радиодифузија". Предлозите беа ставени на гласање и беа едногласно усвоени.

Советот, со усвоените измени, едногласно го усвои следниот:

**Дневен ред**

1. Усвојување на Записникот од 44-та седница на Советот, одржана на 10.10.2012 година.
2. Усвојување на Записникот од 45-та седница на Советот, одржана на 12.10.2012 година.
3. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис МТВ1 емитуван на 6 септември 2012 година.
4. Извештај од мониторингот на програмскиот сервис МТВ2 емитуван на 7 септември 2012 година.
5. Информација за барањето за согласност за промена на сопственичката структура на Трговско радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДОО од Кичево.
6. Информација за барањето за согласност за промена на сопственичката структура на Трговско радиодифузно друштво ХИТ РАДИО ДООЕЛ од Струмица.
7. Информацијата за барањето за согласност за промена на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО РАВЕЛ ДООЕЛ од Скопје.

8. Информација за барањето од Националниот демократски Институт – Македонија, упатено до Советот за радиодифузија.

9. Начин на функционирање на IPA-работната група

10. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа Записникот од 44-та седница на Советот, одржана на 10.10.2012 година.

Членот на Советот, м-р Методија Јанчески, предложи да се корегираат одредени технички неправилности и да се додадат две институции во текстот, од причина што биле изоставени.

Советот, со посочените забелешки, со два воздржани гласа од членовите м-р Алма Машовиќ и акад. Бојан Шоптрајанов, и 13 гласа „за“, го усвои Записникот од 44-та седница на Советот, одржана на 10.10.2012 година, во текстот како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот го разгледа Записникот од 45-та седница на Советот, одржана на 12.10.2012 година.

Советот, со еден воздржан глас од членот на Советот, м-р Алма Машовиќ и 14 гласа „за“ го усвои Записникот од 45-та седница на Советот, одржана на 12.10.2012 година, во текстот како што беше предложен.

**Точка 3**

Советот го разгледа предложениот Извештај од мониторингот на програмскиот сервис МТВ1 емитуван на 6 септември 2012 година.

Членот на Советот, Столе Наумов, во однос на прекршувањето на член 98 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (емитување прикриено рекламирање), констатирано кај МТВ 1, предложи да се изрече мерката писмена опомена.

Членот на Советот, Сељадин Џезаири, во однос на прекршувањето на член 98 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (емитување прикриено рекламирање), констатирано кај МТВ 1, предложи Советот да изрече поостра мерка, односно писмена опомена со барање за објавување. Исто така додаде дека МТВ 1 во улога на Јавен сервис треба да биде одговорна за своите постапки и додаде како забелешка дека МТВ1 честопати ги прекршува истите членови од Законот.

Членот на Советот, Бранко Радовановиќ, рече дека Јавниот сервис се обидува да направи еден чекор понапред, односно дисциплинирање на новинарите кои доаѓаат од комерцијалните радиотелевизии. Во однос на новинарите кои ја подготвиле емисијата „Тротоар“ и во која е констатирано прикриено рекламирање рече дека се истите луѓе кои носат стари навики. Во однос на изрекувањето мерки од страна на Советот, рече дека Советот изрекува мерки согласно Законот.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, рече дека смета дека во изминатиот период Советот за радиодифузија по однос на наведеното прекршување има непотребно изречено поостри мерки, бидејќи премногу остро и критички гледал кон прикриеното рекламирање, и во таа насока наведе неколку примери. Потенцира дека Советот не треба да ги менува ставовите од ден на ден и треба да има принципиелен став. Тоа била и забелешка содржана во Извештајот на Европската комисија, дека во изминатиот период Советот носел селективни одлуки, во зависност од тоа за кој

медиум станува збор. Во предложениот извештај од мониторингот на МТВ1, рече дека сите прекршувања се направени само во една емисија – „Тротоар“, и не се согласува со ставот на членот на Советот, Бранко Радовановиќ дека треба некого да дисциплинираме, бидејќи за истите новинари и истата емисија која се емитувала претходно во друга телевизиска куќа, во минатото, Советот нема изречено ниедна мерка. Од наведените причини се согласува со ставот на членот на Советот, Столе Наумов дека поради прекршувањето на член 98 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (емитување прикриено рекламирање), констатирано кај МТВ 1, треба да се изрече мерката писмена опомена.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, предложи предлогот од членот на Советот, Столе Наумов да се изрече писмена опомена и предлогот од Членот на Советот, Сељадин Џезаири да се изрече мерката писмена опомена со барање за објавување, да се стават на гласање.

Советот го усвои Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис МТВ 1 емитуван на 6 септември 2012 година.

По предлог на членот на Советот, Столе Наумов, Советот со 9 гласа „за“, три гласа против од членовите на Советот, Замир Мехмети, Бранко Радовановиќ и акад. Бојан Шоптрајанов и три гласа воздржани од членовите на Советот Сељадин Џезаири, Селвер Ајдини и Заменикот на претседателот м-р Милаим Фетаи, донесе одлука на МТВ 1:

- поради прекршување на член 98 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (емитување прикриено рекламирање), да се изрече мерката: писмена опомена.

Членот на Советот, Сељадин Џезаири, поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (несоодветен термин на емитување програма), констатирано кај МТВ 1, предложи да се упати укажување.

Членот на Советот, Столе Наумов, рече дека иако укажувањето не е мерка, сепак тоа претставува еден вид информирација до радиодифузерот за прекршокот кој го сторил, во насока следниот пат да внимава и да не го стори истиот. Предложи, за да се објасни сторениот прекршок, на разговор со Секторот за програмски работи да се повикаат Александар Чомовски и независната продукција која ја реализирала емисијата.

Членот на Советот, м-р Васко Петрески, рече дека принципиелно, од поранешната работа на Советот кога упатувал укажување, посебно кога нема изречено ниедна мерка претходно, предложи да се упати укажување.

По предлог на членот на Советот, Сељадин Џезаири, со 12 гласа „за“ и три воздржани гласа од Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, и од членовите на Совет, м-р Алма Машовиќ и акад. Бојан Шоптрајанов, Советот одлучи:

- поради прекршување на член 107 став 1 од Законот за радиодифузната дејност (недозволено спонзорирање на вести и други информативни програми), да се упати укажување.

Советот го задолжи Секторот за правни работи во соработка со Секторот за програмски работи да ги евидентира Одлуката и укажувањето во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 4**

Советот го разгледа Извештајот од мониторингот на програмскиот сервис МТВ2 емитуван на 7 септември 2012 година.

Членот на Советот, Сељадин Џезаири, рече дека сака да биде принципиелен, и во таа насока поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (несоодветен термин на емитување програма), констатиран кај МТВ 2, предложи да се изрече мерката писмена опомена со барање за објавување. Бидејќи прекршувањето се повторува односно е забележано и во претходниот мониторинг, предложената мерка ја поддржаа членовите на Советот, Селвер Ајдини и Столе Наумов, додека членот на Советот, Лазо Петрушевски рече дека би се чуствувал непринципиелно доколку го поддржи предлогот.

По предлог на членот на Советот, Сељадин Џезаири, Советот 12 гласа „за" и три воздржани гласа од Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи и членовите на Советот Лазо Петрушевски и м-р Васко Петрески, донесе одлука на МТВ 2:
- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (несоодветен термин на емитување програма), да се изрече мерката: писмена опомена со барање за објавување.

На МТВ 2 му се наложува во рок од 7 (седум) дена, од денот на приемот на Одлуката, да ги отстрани сторените повреди со непочитувањето на Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на РМ", бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 06/2010, 145/2010, 97/2011) и прописите донесени врз основа на истиот закон.

Советот ја задолжи МТВ 2 во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на Одлуката, да ја изврши изречената мерка и во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на Одлуката, писмено да го извести Советот за радиодифузија на РМ за денот кога ќе ја спроведе/изврши истата.

Советот ја задолжи МТВ 2 изречената мерка писмена опомена со барање за објавување да ја изврши на начин што на телоп на целиот екран, да се испишат податоци за: органот кој ја изрекол мерката, називот на изречената мерка, датумот и часот на сторувањето на прекршокот поради кој е изречена мерката, описот на прекршокот и бројот на членот од Законот кој е прекршен. Објавувањето да се изврши во периодот од 17:00 до 20:00 часот. На објавената писмена опомена со барање за објавување, не е дозволено да се емитува коментар.

Советот го задолжи Секторот за програмски работи да го следи извршувањето на изречената мерка: писмена опомена со барање за објавување од страна на МТВ 2, и да го извести Секторот за правни работи за да ја евидентира во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 5**

Советот ја разгледа предложената Информација за барањето за согласност за промена на сопственичката структура на Трговско радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДОО од Кичево.

Советот ја усвои предложената Информација за барањето за согласност за промена на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДОО од Кичево.

Советот, донесе едногласна одлука да издаде одобрение за промена на сопственичката структура на ТВ ГУРРА ДОО од Кичево, со оглед на тоа што не се создава недозволена медиумска концентрација, односно не постојат формално-правни пречки.

**Точка 6**

Советот ја разгледа предложената Информација за барањето за согласност за промена на сопственичката структура на Трговско радиодифузно друштво ХИТ РАДИО ДООЕЛ од Струмица.

Советот за радиодифузија, на 43-тата седница одржана на 05.10.2012 година, на на Трговското радиодифузно друштво ХИТ РАДИО ДООЕЛ од Струмица, му изрече мерка – писмена опомена, поради прекршување на одредбите од член 17 став 2 од Законот за радиодифузна дејност, односно поради извршена промена на сопственичката структура без претходно побарано одобрение од Советот. Со допис, Советот побара од Централниот регистар на Република Македонија да ја врати првобитната состојба на сопственичката структура на ова трговско радиодифузно друштво. На 16.10.2012 година, Централниот регистар го извести Советот дека на 10.10.2012 година е постапено согласно барањето на Советот и дека е извршена исправката, со која е вратен претходниот сопственик.

Советот ја усвои предложената Информација за барањето за согласност за промена на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ХИТ РАДИО ДООЕЛ од Струмица.

Советот донесе едногласна одлука да издаде одобрение за промена на сопственичката структура на ХИТ РАДИО ДООЕЛ од Струмица, со оглед на тоа што не се создава недозволена медиумска концентрација, односно не постојат формално-правни пречки.

**Точка 7**

Советот ја разгледа предложената Информацијата за барањето за согласност за промена на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО РАВЕЛ ДООЕЛ од Скопје.

Советот ја усвои предложената Информација за барањето за согласност за промена на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РАДИО РАВЕЛ ДООЕЛ од Скопје.

Советот, донесе едногласна одлука да издаде одобрение за промена на сопственичката структура на РАДИО РАВЕЛ ДООЕЛ од Скопје, со оглед на тоа што не се создава недозволена медиумска концентрација, односно не постојат формално-правни пречки.

**Точка 8**

Советот ја разгледа Информацијата за барањето од Националниот демократски Институт – Македонија, упатено до Советот за радиодифузија.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, објасни дека претставници на Националниот демократски Институт – Македонија, биле во посета на Советот и побарале поддршка за можност за соработка околу претстојните локални избори кои се очекува да се одржат во март 2013 година. Конкретно во писмото од Крис Хеншоу, директор на НДИ – Македонија упатено до Советот за радиодифузија се информира за досегашната соработка на Советот за радиодифузија со НДИ – Македонија и информира дека има намера да спроведе широка кампања за почитување на Кодексот за однесување на изборите, во која ќе бидат вклучени и десетина телевизиски дебати во живо со кандидатите на изборите. За концептот на овие дебати НДИ има обезбедено поддршка од четирите најголеми политички партии во Република

Македонија, од Државната изборна комисија и од Јавниот сервис, Македонската радио телевизија.

Советот ја усвои предложената Информација за барањето од Националниот демократски Институт – Македонија, упатено до Советот за радиодифузија.

Советот за радиодифузија едногласно одлучи позитивно да одговори на барањето на Директорот на НДИ – Македонија, да се заблагодари за иницијативата и да упати барање при реализацијата на проектот да се почитуваат Правилникот за однесувањето на радиодифузерите во периодот пред започнување на изборната кампања и Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања што ги донесува Советот за радиодифузија.

**Точка 9**

Советот ја разгледа Информацијата за начин на функционирање на IPA-работната група на Советот.

Раководителот на Стручната служба на Советот објасни дека материјалот кој е доставен на седницата е некомплетен, односно објаснети се само надлежностите на СПО-то а било побарано да се изготви материјал за функционирањето на IPA-работната група на Советот, така што во материјалот подготвен за седницата, не се опфатени потребните информации.

Вработениот Виш соработник од Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста м-р Драгица Љубевска, детално ги објасни потребните податоци, задачи и процесот на функционирање на IPA-работната група на Советот.

Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, предложи усменото излагањето на Вработениот Виш соработник од Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста м-р Драгица Љубевска да се подготви во писмена форма и да се достави до сите членови на Советот.

Советот едногласно ја усвои усмената информација од Драгица Љубевска, во врска со начинот на функционирање на IPA-работната група, и ја задолжи да достави Информација во врска со начинот на функционирање на IPA-работната група по електронски пат до членовите на Советот за радиодифузија.

**Точка 10**
**Разно**

- Советот едногласно ја усвои предложената Информација од учеството на тркалезна маса на тема „Слобода на изразување" организирана од народниот правобранител, подготвена од Раководителот на стручната служба м-р Андриана Скерлев – Чакар и Виш Соработник во Секторот за програмски работи м-р Емилија Петреска - Камењарова.
- Советот едногласно го усвои предложениот Извештај за службено патување во Загреб, Република Хрватска и учество на Семинарот за Улогата на националните парламенти во обезбедување на независноста на Јавниот Радиодифузен Сервис во земјите членки на Советот на Европа, подготвен од Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски.
- Советот едногласно ја усвои предложената Информација за потреба на назначување на лице – замена на член, во работната група во рамките на проектот SEE Digi TV.

Советот за радиодифузија, имајќи ги превид работното искуство и квалификациите на м-р Драгица Љубевска, како и работните задачи кои ги извршува во рамките на

Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста, одлучи таа да го замени м-р Борче Маневски во рамките на работната група на проектот SEE Digi TV.

Советот ги задолжи работниците м-р Борче Маневски и м-р Драгица Љубевска да извршат примопредавање на работните задачи, обврски и информации, со цел непречено продолжување и реализацијата на проектот.

- Во однос на постапка за доделување на договор за јавна набавка за предметот на набавка - услуга: Подготовка и извршување на национална едукативна програма (во рамките на проектот SEE Digi TV 2012 година), Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски објасни дека наведената јавна набавка уследува по два неуспешни обиди, за што на една од претходните седници била подготвена информација во која се објаснети причините поради кои не е извршен изборот и предлози што понатму треба да се превземе за истата успешно да се реализира. Исто така, наведе дека смета дека средствата што се предвидени за јавната набавка се нереални, непазарни. Од таа причина Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, остварил разговор со тогашниот Раководител на Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста и бил известен дека предвидените средствата се фиксни и не можат да варираат, но Советот, доколку има можност, предвидената сума може дополнително да ја зголеми со средства од Советот. Од наведените причини, Претседателот на Советот, м-р Зоран Трајчевски, рече во иднина многу повеќе да се внимава и доколку се забележи дека за одредена набавка има реални показатели дека средствата се ниски или нереални, навремено да се реагира и да се побараат средства од Советот, кои би влегле во Финансискиот план на Советот за следната година.

Членот на Советот, Столе Наумов, во однос на постапка за доделување на договор за јавна набавка за предметот на набавка - услуга: Подготовка и извршување на национална едукативна програма (во рамките на проектот SEE Digi TV 2012 година), за критериумот за доделување на договорот за јавната набавка, запраша на кој начин би се утврдил критериумот карактеристики на квалитет за да би се доделиле утврдените максимум 30 поени и предложи заради поголема ефикасност, да си ги заменат местата заменикот на претседател на комисијата и претседателот на комисијата.

Членот на Советот, Лазо Петрушевски, за да биде успешна набавката и да нема сомнежи во изборот, предложи критериумот карактеристики на квалитет 30 поени целосно да се избрише, да нема таква ставка, и истите да се префрлат во техничка способност. Предложи изборот да се направи врз оснона на 80 бода цена и 20 бода претходно искуство во извршување исти или слични ангажмани. Од тие 20 бода, 10 бода да бидат за проекти извршени од ист тип во последните 3 години и 10 бода за вредноста на истите проекти. Така, рече дека математички ќе може точно да се пресмета кој е најдобриот конкурент и самата набавка ќе се поедностави. Го поддржа и предлогот за замена на претседател и заменик претседател на предвидената комисија.

За предложените измени кои произлегоа од дискусијата, односно дали тие се возможни и дали позитивно или негативно ќе влијаат на набавката, членовите на Советот, побараа мислење од Јордан Ѓорѓиевски, од Секторот за европска и меѓународна соработка и односи со јавноста. Јордан Ѓорѓиевски објасни дека во однос на мерењето на критериумот карактеристики на квалитет 30 поени, би се утврдил со понуда на идејни решенија, и на тој начин во фазата на евалуација да се изврши селекција на поповолна понуда. Но рече дека не претставува никакво ограничување доколку ставката се тргне и се пристапи по критериум најниска цена. Но бидејќи станува збор за аудиовизуелно решение и едукативна кампања, квалитетот може да се мери преку формата и особеностите на идејното решение кое би било доставено.

Советот, вклучувајќи ги и предлозите од членовите на Советот, Столе Наумов и Лазо Петрушевски, едногласно одлучи, за потребите на Советот за радиодифузија во

2012 година, согласно одредбите од Законот за јавните набавки да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка за следниот предмет на набавка - услуга: Подготовка и извршување на национална едукативна програма (во рамките на проектот SEE Digi TV 2012 година). (Заменикот на претседателот, м-р Милаим Фетаи беше отсутен за време на гласањето).

За реализацијата на договорот за јавна набавка, средствата се обезбедени со Финансискиот план на Советот за радиодифузија за 2012-та година (финасиран од проектот SEE Digi.TV-IPA Translation).

Постапката за доделување на договорот за јавна набавка ќе ја спроведе Комисија за јавни набавки во следниот состав:

- Драгица Љубевска - претседател на Комисијата, со заменик Арбен Саити;
- Симе Златески - член, со заменик Александар Џуваревиќ и
- Ивана Каракушева - член, со заменик Весна Симоновска.

**Бр. 02-5286/13**
**15.11.2012 година**
**Скопје**

**Совет за радиодифузија на РМ**
**Претседател,**

**м-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Записникот го водеше,**
**Ружица Бошнакоска Јотевска**

*Изработила: Ружица Бошнакоска Јотевска*
*Одобрил: Огнен Неделковски*